# THE ROLE OF THE POLICE IN BUILDING SECURITY

**Sasho Mitevski**
Ministry of Interior, Republic of North Macedonia, Saso_Mitevski@moi.gov.mk
**Blagojcho Spasov**
Ministry of Interior, Republic of North Macedonia, blagojcospasov@yahoo.com

**Abstract:** One of the main specifics of each state is the intention to provide the necessary level of security for normal functioning of the institutions of the system, ie uninterrupted realization of the constitutional rights of the citizens. Regarding this, every country is in constant conflict with a multitude of risks and threats to the vital state values or to the life, property and freedom of the citizens. In order to address security challenges, each country is building a security system in which each security actor has a role to play in building overall security. In line with the above, the police as a security actor within the security system of each country is responsible for building and maintaining internal security within the country.
In order to effectively deal with modern challenges, the police is constantly conditioning and educating police officers for a quick and efficient response that can be determined through analysis of numerous renowned authors who research the subject matter. The performed comparative analysis of the professional literature indicates the fact that security and its maintenance is a complex process that in modern conditions requires special attention and budget to achieve the desired goal. The police organization is moving in that direction, which has the task to guarantee the necessary level of security and therefore is in a constant training process and modernization of the material and technical resources at its disposal. The effectiveness of the police depends on the economic potential of the society in which it exists.
In performing their police duties, the police acts strictly according to established rules and principles based on the Constitution, Law and By-Laws, from which arises the authority to use force and suspend certain human rights and freedoms in case the conditions for that are met. The police in modern conditions in their work introduces the technical-technological achievements which greatly facilitates the work of the police officer but on the other hand makes it sensitive and vulnerable in that context.
From the above facts it can be concluded that the police have a primary role in building security within society and maintaining public order and peace regardless of the nature of the risks and threats that have led to a particular threat.
**Keywords:** security, security function, security system, police, police affairs

# УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО ГРАДЕЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА

**Сашо Митевски**
Министерство за внатрешни работи, Република Северна Македонија, Saso_Mitevski@moi.gov.mk
**Благојчо Спасов**
Министерство за внатрешни работи, Република Северна Македонија, blagojcospasov@yahoo.com

**Резиме:** Една од главните специфики на секоја држава е интенцијата да го обезбеди потребното ниво на безбедност за нормално функционирање на институциите на системот односно непречено остварување на уставните права на граѓаните. Во таа насока секоја држава е во постојан судир со мноштво на ризици и закани по виталните државни вредности или по животот, имотот и слободите на граѓаните. Со цел справување со безбедносните предизвици, секоја држава гради безбедносен систем во кој секој безбедносен актер има своја улога во градењето на вкупната безбедност. Во насока на наведеното полицијата како безбедносен актер во рамките на безбедносниот систем на секоја држава е одговорна за градење и одржување на внатрешната безбедност во рамките на државата.
Заради ефикасно справување со современите предизвици полицијата е во постојано кондиционирање и едукација на полициските службеници заради брз и ефикасен одговор што може да се утврди преку извршената анализа на многубројни реномирани автори кои ја истражуваат предметната проблематика.
Извршената компаративна анализа на стручната литература укажува на фактот дека безбедноста и нејзиното одржување е сложен и комплексен процес кој во современи услови бара посебно внимание и буџет за постигнување на саканата цел. Во таа насока се движи и полициската организација која има задача да го гарантира потребното ниво на безбедност и заради тоа е во постојан тренинг процес и осовременување на

материјално-техничките ресурси со кои располага. Ефикасноста на полицијата зависи од економскиот потенцијал на општеството во кое таа егзистира.
Полицијата при извршување на полициските задачи постапува строго по утврдени правила и принципи кои се темелат на Устав, Закон и Подзаконски акти од каде произлегува и овластувањето за примена на сила и суспендирање на одредени човекои права и слободи во случај кога се исполнети условите за тоа. Полицијата во современи услови во своето работење ги воведува техничко-технолошките достигнувања што во голема мера го олеснува работењето на полицискиот службеник но од друга страна ја прави сензитивна и ранлива во тој контекст.
Од наведените факти може да се заклучи дека полицијата има примарна улога во градењето на безбедноста во рамките на општеството и одржувањето на јавниот ред и мир независно од природата на ризиците и заканите кои довеле до одредено загрозување.
**Клучни зборови:** безбедност, безбедносна функција, безбедносен систем, полиција, полициски работи

## 1. ВОВЕД

Живееме во свет во кој секојдневно се случуваат безброј безбедносни турбуленции. Современото општество ја достигна својата кулминација во примена на техничко-технолошките достигнувања, се со цел зголемување на ефикасноста на институциите односно државниот апарат. Паралелно на тоа, но во негативна насока, дигитализацијата на општеството и примената на современите алатки за подигање на ефикасноста во работењето на институциите го подигнаа нивото на безбедност во системот но не ги поколебаа криминалните структури во нивните намери кои ја користат секоја „згодна" прилика. Безбедносните ризици и закани кон општествата но и индиректно кон граѓаните бележат тренд на зголемување во однос на својата софистицираност и се се́ поимуни за детекција од страна на безбедносниот систем во општеството.
Насекаде во светот внатрешната безбедност е во надлежност на полицијата. Организациски полицијата е специфична, сложена и комплексна безбедносна институција изградена врз основа на уставни, законски и подзаконски акти, со највисокото ниво на управување насочено кон градење и развивањето на безбедносните процедури и капацитетите во општеството, се со цел брз и ефикасен одговор кон безбедносните предизвици, ризици и закани.
Полицијата секојдневно е во постојна интеракција со општествените случувања и дава рано предупредување и прв одговор, независно за каков вид загрозување се работи. Функционирањето на полицијата се заснова на строго утврдени и пропишани овластувања кои можат да се движат од превентивен кон репресивен карактер. Карактеристично овластување кое и дава посебна специфика на полицијата во остварување на својата безбедносна функција е принудата на сила, со која таа може да суспендира одредени човекови права и слободи доколку тоа е потребно.
Полициските постапувања во насока на градење на безбедноста се базираат на полициското знаење и вештини, полициската култура како систем на професионални вредности помеѓу вработените, легалноста на полициските постапки, чии вредности се формирани согласно природата на работата и во зависност од моралните вредности на општеството.
Ефикасноста на полициското работење се димензионира тргнувајки од фактот колку полицијата е способна да ги заштити животот, имотот, правата и слободите на граѓаните, националните капацитети и критичната инфраструктура на државата од страна на различни криминогени намери или било какви други ризици и закани кон истите.
Имајки ја предвид општествената оправданост и комплексноста на истражувањето конкретната елаборација на конкретниот истражувачки проблем ќе биде елаборирана преку содржината на трудот која следи.

## 2. БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСНА ФУНКЦИЈА НА ОПШТЕСТВОТО

Една од основните функции на секое општество е остварување на потребната безбедност на граѓаните, нивните имоти, уставните права и безбедност на државниот имот и капацитети за непречено секојдневно живеење и функционирање.
Една од основните функции на државата за остварување на своите цели е безбедносната функција. Безбедносната функција е присутна од самото настанување на државата, која е во постојано развивање и усовршување (Дончев, 2007).
Во анализата која е направена врз достапната литература и која ја детерминира безбедноста, јавната безбедност е претставена како функција на државата која што ја гарантира заштитата на граѓаните, институциите и организациите од ризици и закани по нивното функционирање, благосостојба и егзистенција (Мијалковић, 2011).

Според определени тврдења безбедноста се остварува преку низа на одделни активности и делување на државните органи и на другите субјекти кои се вклучуваат во нејзиното извршување. Но, во теоријата постојат и други мислења каде што безбедноста се анализира како функција која како нераздвоен атрибут на државата подразбира вршење на работите на безбедноста заради заштита на виталните вредности на општеството. Значајно за безбедноста на скоро сите држави е тоа дека тие имаат речиси исти функции (Котовчевски, 2016):

1. Обезбедување и заштита на државниот интегритет и суверенитет.
2. Водење на меѓународната политика и меѓународните односи.
3. Обезбедување и заштита на независноста и територијалната целокупност.
4. Остварување и заштита на слободите и правата на граѓаните.

Очигледно е дека карактерот на безбедноста инсистира на мноштво субјекти со разновидни задачи и разновидна улога во безбедносниот систем. Хетерогената организираност на безбедносниот систем, неговата функција, задачи и улога, подразбира вклучување на голем број субјекти, кои со своите организации, кадровски потенцијал, опрема и технички средства, реализирајќи ги основните редовни дејности, овозможува остварување на основните цели на безбедносниот систем. Субјектите или носителите на безбедносниот систем, се нераскинлив дел од целокупниот безбедносен систем на државата. Тие имаат права, должности, своја организација, соодветна опрема и технички средства за реализација на целите и на задачите во сферата на безбедноста. Како основни носители на безбедносниот систем се појавуваат државата и нејзините граѓани. Според функцијата и задачите кои ги имаат, субјектите на безбедносниот систем можат да се претставаат како (Бакрески, 2018):

1. Конвенционални субјекти на безбедносниот систем се: полиција, војска, судство, обвинителство, инспекциски органи и затворски установи.
2. Нековенционални субјекти на безбедносниот систем се: законодавно тело (парламент), извршни органи (претседател на државата, претседател на влада) и органи со функција на надворешно – меѓународната дејност (амбасади, мисии).
3. Други субјекти на безбедносниот систем се: орагни на локална власт, образовни институции и приватен сектор.

Државата, одредени безбедносни функции (воена, полициска, безбедносно – разознавачка) ги држи на нивно на државни функции, додека извршувањето на некои споредни безбедносни функции, дрежавата ги остава во надлежност на приватниот безбедносен сектор (приватно обезбедување на личности и објекти, приватна детективска дејност итн.). Основната безбедносна функција која се извршува од страна на јавните безбедносни организации начално се утврдува во самиот устав на државата, а конкретно се уредува со закон, од каде произлегуваат и надлежностите, додека функцијата на приватните безбедносни организации исто така се органзира со законски и подзаконски акти. Како општ пример ќе го наведеме фактот дека полицијата својата функција ја остварува врз основа на Законот за полиција, воената функција се остварува преку Законот за одбрана, а безбедносно – разознавачките дејности се реализираат преку законски и подзаконски акти од предметната област (Стевановић, 2019).

## 3. ПОЈАВА И РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА

Генезата на полицијата датира од периодот на родовско – племенските заедници кога се појавувала потребата од одржување на внатрешниот ред во рамките на родовско – племенската заедница. Историски гледано низ еволутивниот период на полицијата во многу наврати полицијата била вклучувана во поддршка на тогашните медицинско – здравствени структури во спречување на ширење на заразни болести кои егзистирале во тој период. Поинаку кажано, полицијата извршувала задачи секогаш кога требало да се воспостави одреден ред и поредок, односно да се инплементира одредена одлука на владеачкиот апарат. Наведеното укажува на фактот дека овие примитивни општествени облици во периодот кога не постоеле државите имале потреба од орган за воспоставување на основниот поредок и гаранција за безбедност. Со настанување на државата како облик се појавува и првата организациска форма на полициска организација, како специфична организација со задача за одржување на безбедноста, но со фузија на политичките, управните и судските аспекти кои се извршувале заеднички. Како јасно издеференцирана полициска организација полицијата се појавува во втората половина на 18 век и почетокот на 19 век, каде веќе извршува функција во насока на одржување на јавниот ред и мир и сузбивање на одредени криминални активности.

Полицијата во текот на својот развој, перманентно ги користи најновите научни достигнувања и технологии и во своите редови воведува технички и технолошки достигнувања во рамките на полициското работење. Посебен осврт полицијата става врз информатичката технологија, криминалистичко – техничката,

психолошко – криминалистичка, судско – медицинска и други современи области. Во таа насока продолжува процесот на внатрешна специјализација (создавање посебни и специјални служби за одредени полициски работи), се применуваат научните достигнувања, се формираат најсовремени лабаратории и научно – криминалистички институции, се посветува големо внимание во образованието на припадниците на полицијата, се работи на подобрување на опремата и средствата неопходни за извршување на полициските работи. Покрај негативните појави како што е милитаризација на полицијата се повеќе се пристуни современите тенденции во развојот на полицијата и тоа: хуманизација на полициското работење, намалување на употребата на физичката принуда и присилба, децентрализација, подобрување на односите помеѓу полицијата и граѓаните, професионализација и деполитизација на полицијата (Ристовић, 2015).
Заштита на критичната инфраструктура подразбира сеопфатен пристап, евидентирање и категоризација по степен на загрозеност на важни и опасни објекти во државата што претставува важен почетен чекор за утврдување на степенот на пресметан ризик за граѓаните. Со цел зголемување на безбедноста на опасните објекти се реализираат комплекс мерки за градење на систем, средства и методи на техничка дијагностика на објектите и опремата на кои е истечен предвидениот рок за експлоатација, но и понматаму се користат во работењето при експлоатација и транспорт на опасни материјали, како и спроведување контрола при извршување на тековни инвестициски ремонти на основните средства во опасните објекти. (Млађан, 2015)
Координацијата како функција треба да овозможи насочување на акција на одредени субјекти кон заедничка цел. Со цел ефикасно функционирање на координацијата мора да постои изграден систем на комуникација. Комуницирањето мора да биде точно и брзо заради динамиката и одбивањето на работните активности. Во управувачките теории и праксата се прави разлика помеѓу вертикалната и хоризонталната коордницаија. Вертикалната координација ги поврзува организациските единици кои се на различно хиерархиско ниво, а раководителите ја остваруваат на неколку начини: директен надзор, стандардизација на работите и дефинирање на целите. Хоризонталната координација се остварува исто така на ова хиерархиско ниво. Меѓусебната зависност и условеност на работењето и функцонирањето на организациските активности ја наметнува потребата од координација. Поточно кажано, висок раководител коорднира активности во рамките на своите надлежности, одредува простории и временски димензии за извршување на задачата, се со цел реализирање на дефинираната цел. Во текот на извршување на задачата раководителот го следи, усклaдува и интервенира во насока на реализација на задачата. Со координацијата се остварува ефикасно извршување на задачите во простор и време со ангажирање на човечки и материјално – технички ресурси (Кулић, Милошевић, 2014).

## 4. БЕЗБЕДНОСНА ФУНКЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА

Заштитно – безбедносната функција на полицијата претставува синтеза на полициски работи кои се извршуваат со цел обезбедување на високо ниво на состојба на заштитеност на виталните и останатите вредности на граѓаните и институциите од сите противправни избори и активности на загрозување. Понатаму, безбедносната функција на полицијата е последица на полициското работење од една страна и безбедноста како цел од друга страна. Современото полициско работење е насочено кон законска и ефикасна заштита односно строго почитување на човековите права и слободи а како резултат на тоа одржување на високо ниво на јавната безбедност и социјалниот мир на граѓаните како и пружење на помош на граѓаните доколку тоа е потребно. Со цел да се претстави односот полиција – граѓани, во литературата за човековите права многу често се среќава синтагмата дека полицијата е организација во функција на заштита на граѓаните. Полицијата ја остварува заштитно – безбедносната функција, почитувајќи го начелото на заштита на правата на граѓаните и заштита на јавниот интерес. Со наведеното начело предвидено е да се почитува ставот, органот за внатрешни работи да извршува активности првенствено за остварување и заштита на јавниот интерес при што се тежнее кон заштита на правните и физички лица, заштита на правото на сопственост и нивните интереси. Со заштитно – безбедносната функција на полицијата се детерминираат сите работи кои произлегуваат согласно законот за полиција или истите се третираат како полициски работи (Субошић, 2010).
Како што веќе е наведено полициската организација е сложена и комплексна која функционира системски врз строго утврдени правила и прописи и е носител на задачата да ја гарантира безбедноста во рамките на општеството.
Полицискиот систем е специфичен општествен систем, а неговата специфичност се однесува на (Бакрески, 2010):

1. Општествените цели кои произлегуваат од широкиот спектар задачи. Тоа значи дека полицискиот систем сам по себе не е цел, туку систем кој ги остварува општите општествени цели.

2. Екстремно спротиставување на неговите цели со оние коишто ја загрозуваат безбедноста на државата, грѓаните и на имотот.
3. Единство во спротиставените поединечни начела (јавност/отвореност и тајност/затвореност) во неговото функционирање.
4. Дејствување (функционирање) во различни услови, со висок степен на неизвесност појава и развој на безбедносните случувања.
5. Посебност на организацијата, начелата, принципите и методите на функционирање и работа.

Полицискиот систем во својата работа се карактеризира не само со неговата спрецифичност, туку и со одредена динамичност. Начелно, таа динамичност произлегува од (Бакрески, 2010):

1. Високиот степен на настанување на непредвидливите безбедносни појави и случувања (загрозувањата не бираат облик, место и време) што бара од безбедносниот систем соодветно реагирање во услови на изненадување.
2. Тешко предвидување и функционирање во различни услови за остварување на функцијата што од системот бара секојдневна подготовка за ефикасно остварување на функцијата и во најтешки услови.
3. Нагласена различност, односно неповторување на задачите, што бара честа промена на организациските елементи на системот и нивно прилагодување во зависност од задачите.
4. Територијална сеопфатност и временски континуитет во остварување на функцијата, што бара секојдневна подготовка за извршување на задачите на целата теритроија и во секое време.
5. Секојдневен аналитички пристап од претходните случувања, што би значело стекнување искуство и изградба на нови методи во работата и раководењето.

Во рамките на полициското работење како клучни области кои претставуваат смисла, односно причина за постоење на полицијата или поинаку кажано задачи на полицијата, најчесто се утврдуваат (Стевановић, 2012):

1. Заштита на животот, личната и имотната сигурност на граѓаните, нивните права и слободи, посебно одржување на јавниот ред и мир, обезбедување на одредени личности, обезбедување на јавни собири и објекти, гарантирање на безбедноста во локалната заедница и давање помош на надлежните органи при извршување на нивните извршни одлуки.
2. Сузбивање на криминалитетот, вклучувајќи посебни механизми за сузбивање на организираниот криминал, спречување и откривање на кривични дела, пронаоѓање и апсење на сторители на кривични дела и нивно приведување пред надлежните органи.
3. Работи од обласа на безбедноста, контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата.
4. Работи за контрола и премин преку државната граница, движење и задржување во граничниот појас, контола на движење и престој на странци и останати активности од обласа на граничното работење.
5. Давање помош на граѓаните и институциите, нивна заштита, спасување и отстранување на последици од елементарни непогоди и акциденти, работи за спречување и решавање на сложени безбедносни проблеми кои ги надминуваат можностите на редовната полиција.

Делокругот и надлежноста на полицијата се остваруваат во насока на реализација на наведените цели преку силна интеракција и кохезија на организациските активности во рамките на полициската организација. Делокругот и надлежноста на полицијата во најголем број држави во светот се извршуваат во рамките на министерствата за внатрешни работи каде што полицијата е составен дел во рамките на министерството покрај останати организациски единици како што се: (единицата за противпожарна заштита, единиците за заштита и спасување и единиците од обласа на управувањето со кризи.

Полицијата во секоја земја во светот е во состојба да се справи со секој предизвик кој е од нејзина надлежност, само доколку постои координација и комуникација со останатите безбедносни чинители во системот за безбедност. Во поддршка на полицијата во остварување на нејзината безбедносна функција најчесто се вклучува Армијата која презема дел од овластувањата кои до тој момент ги имала полицијата.

## 5.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

- Безбедноста како наука е сложена и комплексна област за проучување која и покрај мноштвото истражувачи кои работеле на нејзино истражување нуди широк хоризонт за истражување.
- Основна цел на секое општество е да го подигне степенот на безбедност на што повисоко ниво, при што во процесот на градење на безбедноста вклучени се сите безбедносни актери.

- Основна задача на полицијата во секоја држава е осигурување на внатрешната безбедност и градење етички односи со граѓаните.
- Како носител на задачата за градење на внатрешната безбедност утврдена е нејзината безбедносна функција, која во себе обединува неколку функции меѓу кои се: превентивна, репресивна, одбранбена.
- Полицијата при извршување на полициските работи се повикува на своите овластувања кои се конципирани во насока на почитување на основните права и слободи на граѓаните. Доколку се исполнети одредени услови, полицијата може да суспендира одредени човекови права и слободи но строго во рамките на своите овластувања.
- Ефикасноста на полицијата зависи од повеќе субјективни и објективни фактори.
- Контролата врз работата на полицијата е важен катализатор за намалување на дивергентните процеси во работата на полицијата, механизам со кој се подобрува отчетноста и одговорноста.
- Полицијата дава поддршка на други безбедносни актери или институции во рамките на општеството а во меѓународни рамки гради релации со полициите од државите ширум светот.
- Полицијата во општеството има клучна улога во градењето, одржувањето и подобрувањето на безбедноста во рамките на општеството како дел од безбедносниот систем.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

Бакрески, О. (2010). Безбедносни дијалози. Број 2. Година I. 160-161. Скопје.

Бакрески, О. (2013). Координација на безбедносниот систем-принципи и предизвици. Аутопринт Т.А. Скопје.

Бакрески, О. (2018). Безбедносни системи: компаративна анализа. Скопје.

Дончев, А. (2007). Современи безбедносни системи.Скопје.

Котовчевски, М. (2016). Национална безбедност. Филозофски факултет. Скопје.

Млађан, Д. (2015). Безбедност у ванредним ситуацијама. Криминалистичко-полицијска академија. Београд.

Кулић, В.Ж., & Милошевић, Б.Г.(2014) Управљање људским и материјалним ресурсима. Криминалистичко-полицијска академија. Београд.

Ристовић, С. (2015). Полицијски менаџмент. Криминалистичко-полицијска академија. Београд.

Стевановић, О. (2019). Безбедносни менаџмент, треће измењено и допуњено издање. Криминалистичко-полицијски универзитет. Београд.

Стевановић, О. (2012). Руковођење у полицији, друго измењено и допуњено издање. Криминалистичко-полицијски универзитет. Београд.

Субошић, Д. (2010). Организација и послови полиције. Криминалистичко-полицијска академија. Београд.

European union, Serious and organised crime threat assessment, (2017), Crime in the age of technology, Europol.

Mijalković, V. S. (2011). Nacionalna bezbednost. Kriminalističko policijska akademija. Beograd.